# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**Службен гласник на Општина Кисела Вода**
**Излегува по потреба**
**Рок на рекламации 15 дена**
**www.kiselavoda.gov.mk**

**3 Септември 2018**
**Скопје**
**Број 7, година XIII**
**contact@kiselavoda.gov.mk**

**Скопје, Септември, 2018 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата ’’Реконструкција на патот до Туристичко Верско Рекреативен центар ТРИ КРУШИ -село Драчево, општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата ’’Реконструкција на патот до Туристичко Верско Рекреативен центар ТРИ КРУШИ -село Драчево, Општина Кисела Вода, донесена на Дванаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.07.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7576/1
03.09.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Дванаесеттата пленарна седница одржана на 27 јули 2018 година, донесе

**ОДЛУКА**

за давање согласност за намена на инвестицијата со цел
реализација на проектот ” Реконструкција на пат до Туристичко Верско Рекреативен центар
ТРИ КРУШИ -село Драчево, општина Кисела Вода”

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кисела Вода дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот ” Реконструкција на пат до Туристичко Верско Рекреативен центар ТРИ КРУШИ -село Драчево, општина Кисела Вода”

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода”

Број 09-6484/3
27 јули 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за утврдување на приоритет на проектот
" Реконструкција на пат до Туристичко Верско Рекреативен центар ТРИ КРУШИ -село Драчево, општина Кисела Вода"

1.Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проект "Реконструкција на пат до Туристичко Верско Рекреативен центар ТРИ КРУШИ -село Драчево, општина Кисела Вода", донесена на Дванаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.07.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 08-7576/2
03.09.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Дванаесеттата пленарна седница одржана на 27 јули 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на приоритет на проектот ” Реконструкција на пат до Туристичко Верско Рекреативен центар ТРИ КРУШИ -село Драчево, општина Кисела Вода”

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот ” Реконструкција на пат до Туристичко Верско Рекреативен центар ТРИ КРУШИ -село Драчево, општина Кисела Вода”.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода’’.

Број 09-6484/4
27 јули 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата ”Изработка на урбанистички планови за с. Усје и с. Драчево ”

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата ”Изработка на урбанистички планови за с.Усје и с.Драчево”, донесена на Дванаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.07.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7576/3
03.09.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Дванаесеттата пленарна седница одржана на 27 јули 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност за намената на инвестицијата
”Изработка на урбанистички планови за с. Усје и с. Драчево”

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кисела Вода дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот ”Изработка на урбанистички планови за с. Усје и с. Драчево”.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода”

Број 09-6484/5
27 јули 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект
“Изработка на урбанистички планови за с. Драчево и с. Усје”

1.Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проект “Изработка на урбанистички планови за с.Драчево и с. Усје”, донесена на Дванаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.07.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7576/4
03.09.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 34 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05 и Службен Гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода, на Дванаесеттата пленарна седница одржана на 27 јули 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на приоритет на проект
“Изработка на урбанистички планови за с. Драчево и с. Усје”

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот “Изработка на урбанистички планови за с. Драчево и с. Усје”.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода’’.

Број 09-6484/6
27 јули 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2018 година

1.Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2018 година, донесена на Дванаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.07.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7576/5
03.09.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 3 од Законот за Град Скопје (Сл.Весноик на РМ бр.55/04), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на општина Кисела Вода ( Сл.Гласник на Град Скопје бр. 8/05 и Службен гласник на општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14), Советот на општина Кисела Вода на Дванаесеттата пленарна седница одржана на 27 јули 2018 година, донесе

**ПРОГРАМА**

за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата ( НА) капитални расходи за основно образование за 2018 година

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата ( НА) капитални расходи за основно образование за 2018 година објавена во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 12 од 04.12.2017 година, на начин што во делот Програма (НА) основно образование ( капитални расходи ) за 2018 година во вкупниот износ на капитални расходи од 20.300.000,00 денари се менува и ќе гласи 19.300.000,00 денари.
Во делот Програма (Н1) за основно образование за 2018 година во Проект: Обезбедување на учениците и објектите на основните училишта, потребни средства 2.000.000,00 денари, зборовите „потребни средства 2.000.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „потребни средства 3.000.000,00 денари“.
Во табела 1 точка 7 Обезбедување на учениците и објектите на основните училишта средствата во износ од 2.000.000,00 денари се зголемуваат и изнесуваат 3.000.000,00 денари.

Во останатиот текст на Програмата (Н1) и Програмата ( НА) капитални расходи за основно образование за 2018 година, истата останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-6484/7
27 јули 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за основање на Јавно претпријатие
за стопанисување со спортски сали и спортски објекти
Кисела Вода КВ - Скопје

1.Се објавува Одлуката за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ-Скопје, донесена на Дванаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.07.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7576/6
03.09.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 4 и точка 6, член 24 став 1, член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02), член 6, член 15 став 1, точка 4, член 15 став 1 точка 4,член 17 и член 18 од Законот за градот Скопје (“Службен весник на РМ” број 55/04), а согласно членовите 1,9 и 10 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” број 38/96, 40/03, 49/06,22/07,83/09,97,/10,6/12,119/13,41/14,138/14, 25/15,61/15, 39/16 и 64/18) и член 15 од Законот за комунални дејности (“Службен весник на РМ” бр. 45/97, 23/99, 45/02, 16/04) а во врска со чл. 16, став 1 точка 4,член 18 и член 34 став 1 точка 18 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” број 8/05 и “Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и 15/14), Советот на општина Кисела Вода на Дванаесеттата пленарна седница одржана на 27 јули 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

За основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти Кисела Вода КВ - Скопје

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа Јавното претпријатие за подрачјето на општина Кисела Вода и се уредува делокругот,дејноста,органите на управување и други работи од доменот на јавното претпријатие.

**Член 2**

Јавното претпријатие се основа за вршење на дејности од јавен интерес чие вршење е во надлежност на општината и тоа за:
Главна дејност на јавното претпријатие е: стопанисување со спортски сали и спортски објекти и други дејности.
изградба и одржување на јавно осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на општината;
работи на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта ;
одржување и користење на зеленилото на сервисните и станбените улици

**Член 3**

Јавното претпријатие со својство на правно лице, ќе се регистрира и ќе работи под фирмата:

Јавно претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти КИСЕЛА ВОДА КВ СКОПЈЕ

Скратеното име на јавното претпријатие ќе гласи:
ЈП КИСЕЛА ВОДА КВ СКОПЈЕ.

**Член 4**

Седиште на Јавното претпријатие е на ул.”Петар Дељан ” бр.17, Скопје.

**Член 5**

Јавното претпријатие Кисела Вода КВ Скопје е во сопственост на општина Кисела Вода.

Советот на општина Кисела Вода има права и обврски на основач спрема Јавното претпријатие Кисела Вода КВ Скопје.

**Член 6**

ЈП Кисела Вода КВ ќе биде непрофитно претпријатие.
Вишокот на неговите приходи над неговите годишни расходи ќе биде дел од буџетот на општина Кисела Вода, додека евентуалниот кусок на негови приходи во однос на неговите расходи ќе се покрива со средства од буџетот на општина Кисела Вода за тековната година.

ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 7**

За вршењето на дејностите од член 2 на оваа Одлука, ЈП Кисела Вода КВ Скопје ќе наплаќа надоместок од корисниците на услугите.
Височината на надоместоците за вршење на дејностите од член 2 на оваа Одлука со своја одлука ќе се утврди според правилникот на ЈП Кисела Вода КВ Скопје.

**Член 8**

Средствата за работењето и развојот на ЈП ’’Кисела Вода КВ’’ Скопје се обезбедуваат од приходите кои тоа ги остварува со сопственото работење, од кредитни средства и од други извори во согласност со закон

**Член 9**

Јавното претпријатието своето материјално – финансиско работење ќе го врши според меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.

Јавното претпријатие има обврска да доставува тримесечни извештаи до Советот на Општината Кисела Вода, кои ќе содржат показатели за финансиското работење на претпријатието.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 10**

Јавното претпријатие ќе се организира така што дејноста заради која е основано, да ја врши на начин со кој се обезбедува:
техничко - технолошко и економско единство на системот;
ефикасност и транспарентност во работењето;
развој и усогласеност на сопствениот со вкупниот развој на општината;
заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите и самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

**Член 11**

Внатрешната организација на работењето на Јавното претпријатие ќе се уреди со Правилник за организација и систематизација на работни места, на предлог на директорот на Јавното претпријатие.

ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 12**

Органи на управување со Јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор и Директор.

**Член 13**

1. УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на Јавното претпријатие има пет члена.
Членовите на Управниот одбор ќе ги именува Советот на Општина Кисела Вода, со мандат до 4 години.
Управниот одбор се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.
Управниот одбор донесува деловник за своето работење.
Управниот одбор ги врши следните работи:
го донесува Статутот на Јавното претпријатие;
ги усвојува Програмата за работа и за развој на Јавното претпријатие;
ја утврдува деловната политика на Јавното претпријатие;
ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на Јавното претпријатие;
одлучува за употребата на средства остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривањето на неговите загуби;
ги донесува одлуките за инвестиции на претпријатието;
ги утврдува цените на производите и на услугите на претпријатието;
одлучува за внатрешната организација на претпријатието;
врши други работи утврдени со Статутот на Јавното претпријатие.

Управниот одбор може полноправно да работи и да одлучува само ако на неговите седници се присутни повеќе од половината негови членови.
Со работата на Управниот одбор раководи негов претседател.
Претседателот на Управниот одбор го бираат членовите на Управниот одбор со мнозинство од нивниот вкупен број на гласови.
Мандатот на претседателот на Управниот трае 2 години со можност за негово повторно именување за уште еден мандат.

**Член 14**

2. НАДЗОРЕН ОДБОР

Надзорниот одбор врши контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие.
Членовите на надзорниот одбор ќе ги именува Советот на Општината со мандат до 4 години.
Членови на надзорниот одбор можат да бидат лица со високо образование, кои имаат знаење и професионално искуство, особено во дејноста на финансиското и сметководственото работење.
Надзорниот одбор се состанува задолжително, најмалку, 4 пати годишно.
Надзорниот одбор ги врши следните работи:
ги прегледува годишните сметки и извештајот за работењето на Јавното претпријатие што го подготвува директорот на претпријатието и по прегледувањето, му дава мислење на Управниот одбор во врска со тие документи;
изготвува Извештај за прегледот на годишните сметки и на извештајот за работењето на Јавното претпријатие и со свое мислење го доставува до Министерот за финанси, а копија од тој извештај му доставува и на министерот надлежен за работите од соодветната област.

**Член 15**

ДИРЕКТОР

Директорот на Јавното претпријатие го бира, односно го разрешува Градоначалникот на општина Кисела Вода со мандат од 4 години, врз основа на јавен конкурс, со право на уште еден последователен избор.
Директор на Јавното претпријатие не може да биде член на Советот на општина Кисела Вода и градоначалникот на Општина Кисела Вода.
Директорот на Јавното претпријатие склучува договор со градоначалникот на Општина Кисела Вода со кој се уредуваат правата, обврските, одговорностите и овластувањата на директорот на Јавното претпријатие.
Директорот за својата работа одговара пред градоначалникот на Општина Кисела Вода.
Директорот на Јавното претпријатие ги врши следните работи:
го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор;
учествува во спроведување на основите на програмата за работа и развој на претпријатието;

учествува во утврдувањето на критериуми за користење и располагање со средствата и употребата на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие;
врши усогласување на деловната активност на јавното претпријатие и
врши други работи во врска со работата на јавното претпријатие, утврдени со Статутот на претпријатието.

Директорот на Јавното претпријатие одговара за резултатите од работењето и за законитоста во неговото работење, како и за штетата нанесена на претпријатието со неизвршување на одлуките и заклучоците на Управниот одбор на претпријатието.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Надлежностите, организацијата и работата на органите на управување на Јавното претпријатие, како и другите работи од значење за делокругот на претпријатието, ќе се уредат со Статут на Јавното претпријатие.

**Член 17**

Советот на Општината дава согласност на:

Статутот на претпријатието;
Статусните промени и организирањето на Јавното претпријатие како друштво;
Актот за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривањето на неговите загуби;
Актот за задолжување на Јавното претпријатие;
Актот со кој се утврдуваат цените на производите и на услугите што Јавното претпријатие ги продава и ги врши за корисниците, ако таквите цени не се предмет на регулирање од независно регуларно тело;
Годишната сметка и извештајот за работењето на Јавното претпријатие и
Годишната инвестициска програма на претпријатието, која треба да биде усогласена со вкупниот стопански развој на општината.

**Член 18**

Лицата што ќе бидат вработени во Јавното претпријатие ќе имаат положба, права и обврски од работниот однос, согласно Законот за работни односи и Колективниот договор.

**Член 19**

Донесувањето на Статутот на Јавното претпријатие, именувањето членови на неговите Управен одбор и Надзорен одбор, како и изборот на директор на Јавното претпријатие, ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на запишувањето на Јавното претпријатие во Централниот регистар.

**Член 20**

Статутот на претпријатието ќе влезе во сила откако Советот на општина Кисела Вода ќе даде согласност за него.

**Член 21**

Во рок од 30 дена по истекот на рокот од член 19 на оваа Одлука, заедно со пријавата за запишување на новите факти и на лицето што е овластено за застапување на претпријатието, Јавното претпријатие е должно до Централниот регистар да ги достави Статутот на претпријатието, актот за именување членови на управниот и на надзорниот одбор, како и доказ за избор на директор на претпријатието.

**Член 22**

„За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти ЈП Кисела Вода КВ Скопје до избор на директор се именува лицето Зоран Николов од Скопје, ул. Георги Димитров бр.28/2-26 Скопје, со л.к.бр. А1676429 издадена од ГУВР Скопје“ .

**Член 23**

Во правниот промет со трети лица Јавното претпријатие настапува од свое име и за своја сметка.

За обврските преземени во правниот промет, Јавното претпријатие одговара со сиот свој имот.

**Член 24**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-6484/8
27 јули 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2018 година

1.Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2018 година, донесена на Дванаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.07.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7576/7
03.09.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.Весник на РМ бр.64/2005,2008) Советот на Општина Кисела Вода на 12-та пленарна седница одржана на 27 јули 2018 година, донесе

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина КИСЕЛА ВОДА**

**за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина КИСЕЛА ВОДА за 2018 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | 1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **NA0** | **ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | -1,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кисела Вода и станува составен дел на Буџетот на општината за 2018 година.

Бр. 09-6484/9
27/07/2018

Претседател на Советот на Општината
**ДАРИО ШИМИЌ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје за финансиско учество за Изградба, одржување и реконструкција на улица Антон Димитров (Жарко Зрењанин)
– Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје за финансиско учество за Изградба, одржување и реконструкција на улица Антон Димитров (Жарко Зрењанин) - Општина Кисела Вода, донесена на Дванаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.07.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7576/8
03.09.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36, став 1 а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Општина Кисела Вода на Дванаесеттата пленарна седница одржана 27 јули 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и град Скопје за финансиско учество за Изградба, одржување и реконструкција на улица Антон Димитров (Жарко Зрењанин) – Општина Кисела Вода

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кисела Вода го прифаќа предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Град Скопје и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на зедничка цел и интерес за финансиско учество за Изградба, одржување и реконструкција на улица Антон Димитров (Жарко Зрењанин) – Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Градот Скопје во остварувањето на соработката ќе учествува со финансиски средства обезбедени од Буџет на град Скопје за 2018 година во износ од 37.000.000,00 денари, кои можат да се користат исклучиво намената на член 1 на оваа одлука и во согласност со прописите со кои се уредува градба на таков тип на објекти и со почитување на прописите кои се однесуваат на јавните набавки.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана од Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-6484/10
27 јули 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
Уп. бр. 13-255 од 4.7.2018 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), а во врска со со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 124 од 2015 год.) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на јавна објава

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава уп. бр. 13–255 од 4.7.2018 година, во службеното гласило на Општина Кисела Вода, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи како и поради тоа што се работи за акт кој се однесува на повеќе странки, согласно Законот за општата управна постапка („Сл. весник на РМ“ бр. 124 од 23.7.2015 год.), за издавање на Одобрение за градење на станбена зграда (А2) на ул. „Иван Козаров“ бр. 41 во Скопје, на КП 997 КО Кисела Вода 1, од втора категорија, ГП бр. 4.11 по ДУП Реон Ј, четврт Ј 10, Одлука бр. 07-18/11 од 27.5.2014 год., „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 7/2014 год., ги известува сите непосредни соседи на градежната парцела за која се однесува одобрението, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 4.7.2018 год. со уп. бр. 13-255 е издадено Одобрение за градење на станбена зграда (А2) на ул. „Иван Козаров“ бр. 41 во Скопје, на КП 997 КО Кисела Вода 1, од втора категорија, ГП бр. 4.11 по ДУП Реон Ј, четврт Ј 10, Одлука бр. 07-18/11 од 27.5.2014 год., „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 7/2014 год. на инвеститорот Друштво за градежништво, транспорт и услуги КЕША ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје со седиште на ул. „Серава“ бр. 132/4 во Скопје и заверен е Основен проект за изградба на станбена зграда (А2) на ул. „Иван Козаров“ бр. 41 во Скопје, на КП 997 КО Кисела Вода 1, со тех. број 08-02/18 од февруари 2018 година, изработен од Друштво за градежни услуги АЛФА КОНСТРАКШН ГРУП ДООЕЛ Скопје.

Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи.

Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

| Изготвил | Контролирал | ГРАДОНАЧАЛНИК |
|---|---|---|
| Лиле Ристовска, д.и.а. | Голубина Арсовска, д.и.а. | Филип Темелковски с.р. |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
Уп. бр. 13-255 од 4.7.2018 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи како и поради тоа што се работи за акт кој се однесува на повеќе странки, согласно Законот за општата управна постапка („Сл. весник на РМ“ бр. 124 од 23.7.2015 год.), за издавање на Одобрение за градење на станбена зграда (А2) на ул. „Иван Козаров“ бр. 41 во Скопје, на КП 997 КО Кисела Вода 1, од втора категорија, ГП бр. 4.11 по ДУП Реон Ј, четврт Ј 10, Одлука бр. 07-18/11 од 27.5.2014 год., „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 7/2014 год., ги известува сите непосредни соседи на градежната парцела за која се однесува одобрението, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 4.7.2018 год. со уп. бр. 13-255 е издадено Одобрение за градење на станбена зграда (А2) на ул. „Иван Козаров“ бр. 41 во Скопје, на КП 997 КО Кисела Вода 1, од втора категорија, ГП бр. 4.11 по ДУП Реон Ј, четврт Ј 10, Одлука бр. 07-18/11 од 27.5.2014 год., „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 7/2014 год. на инвеститорот Друштво за градежништво, транспорт и услуги КЕША ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје со седиште на ул. „Серава“ бр. 132/4 во Скопје и заверен е Основен проект за изградба на станбена зграда (А2) на ул. „Иван Козаров“ бр. 41 во Скопје, на КП 997 КО Кисела Вода 1, со тех. број 08-02/18 од февруари 2018 година, изработен од Друштво за градежни услуги АЛФА КОНСТРАКШН ГРУП ДООЕЛ Скопје.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, бр. 124/10, бр.18/11, бр. 36/11, бр. 54/11, бр. 13/12, бр.144/12, бр. 25/13, бр. 79/13, бр. 137/13, бр. 163/13, бр. 27/14, бр. 28/14, бр. 42/14 бр. 115/14, бр. 149/14, бр. 187/14, бр. 44/15, бр. 129/15, бр. 217/15, бр. 226/15, бр. 30/16, бр. 31/16, бр. 39/16, бр. 71/16 и бр. 132/16 год.), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 1, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода Скопје и тоа во вторник и четврток од 13 -15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

Изготвил
Лиле Ристовска, д.и.а.
Контролирал
Голубина Арсовска, д.и.а.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

СОДРЖИНА:

1.Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата ,,Реконструкција на патот до Туристичко Верско Рекреативен центар ТРИ КРУШИ – село Драчево, Општина Кисела Вода,,;

2.Одлука за утврдување на приоритет на проектот ,,Реконструкција на патот до Туристичко Верско Рекреативен центар ТРИ КРУШИ – село Драчево, Општина Кисела Вода,,;

3.Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата ,,Изработка на урбанистички планови за с. Усје и с. Драчево,, ;

4.Одлука за утврдување на приоритет на проектот ,,Изработка на урбанистички планови за с. Усје и с. Драчево,, ;

5.Програма за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2018 година;

6.Одлука за основање на Јавно Претпријатие за стопанисување со спортските сали и спортски објекти;

7. Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Кисела Вода за 2018 година;

8.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје за финансиско учество за Изградба, одржување и реконструкција на улица Антон Димитров ( Жарко Зрењанин) – Општина Кисела Вода;

9.Јавна објава Уп.бр. 13-255 од 4.7.2018 година (Друштво за градежништво, транспорт и услуги КЕША ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје);